**ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово** **тел. 044 330 800** **e-mail: revizija@bend.com.mk**

# ИЗВЕШТАЈ

# ЗА

## АНГАЖМАН ЗА УВЕРУВАЊЕ ВО ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА НА Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово

*Ноември 2024 година*

**ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово** **тел. 044 330 800** **e-mail: revizija@bend.com.mk**

# СОДРЖИНА

| Опис | Страна |
|---|---|
| Изјава од овластениот ревизор | 3 |
| 1. Извештај на независниот ревизор за разумно уверување | 4 |
| 1.1. Идентификување и опис на информациите за предметната материја - Предмет на зделката со заинтересирана страна | 4 |
| 1.2.Идентификување на критериумите според кои е оценета предметната материја | 6 |
| 1.3. Методи на вреднување | 7 |
| 1.4. Инхерентни ограничувања | 8 |
| 1.5. Одговорност на менаџментот | 9 |
| 1.6. Одговорност на ревизорот | 9 |
| 1.7. Изјава дека ангажманот е усогласен со МСАУ 3000 | 10 |
| 1.8. Резиме на извршената работа – Извршени процедури и извори кои се користени за утврдување на релевантните податоци кои се предмет на анализа | 11 |
| 1.9. Изјава за независност и компетентност | 11 |
| 1.10. Специфични ограничувања кои влијаеа на заклучокот | 12 |
| 1.11. Суштински прашања утврдени од наша страна | 12 |
| 1.12. Фактори на ризик | 12 |
| 2. Заклучок | 13 |

**Прилози:**

- Предлог Одлука за одобрување на големе зделка со заинтересирана страна
- Критериумите и методите на вреднување при дефинирање на зделката од одговорната страна
- Предлог Договор поврзан со зделката

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: revizija@bend.com.mk

**ИЗЈАВА ОД ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР**

**Јас Апостоловски Душко Овластен ревизор вработен во Бенд Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово, под полна (материјална, морална и кривична) одговорност изјавувам дека немам конфликт на интереси со Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово и дека во последните три години не сум давал консултантски услуги на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово во смисла на Правилникот за подетално пропишување на условите и потребната документација за исполнување на условите за овластен ревизор кој дава мислење во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна.**

**Изјавил:**

**Тетово 22,11,2024 година** **Овластен ревизор:Душко Апостоловски**

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: revizija@bend.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ ЗА АНГАЖМАН ЗА РАЗУМНО УВЕРУВАЊЕ**

**ВО ПОСТАПКА НА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА Согласно со Предлог одлука за одобрување на голема зделка со зинтересирана страна Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово**

**До**
**Собранието на акционери на**
**Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово**

## 1. Извештај на независниот ревизор за разумно уверување

Ние бевме ангажирани од Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово за да извршиме Ангажман за разумно уверување и да издадеме заклучок во врска со Предлог Одлуката за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна (во понатамошниот текст: зделка со заинтересирана страна) за Собранието на акционери кое ќе се одржи на 10.12.2024 година за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна (во понатамошниот текст : Зделката со заинтересирана страна).

### 1.1. Идентификување и опис на информациите за предметната материја – Предмет на зделката со заинтересирана страна

Предмет на Одлуката за одобрување на голема зделка со зинтересирана страна се меѓусебно поврзани зделки помеѓу Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово и поврзаното друштво Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово – правен субјект основан во Република Северна Македонија, кој со состојба на 31 декември 2023 година поседува 257,087 обични акции што претставува 52.36% од вкупниот акционерски капитал на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово согласно со последните ревидирани финансиски извештаи за 2023 година.

Согласно со Предлог одлуката за Одобрување на голема зделка со заинтересирана страна се работи за:

Склучување на Договор за заем, во кој Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово се јавува како Заемопримач а Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово се јавува како Заемодавач.

Предлог договорот е составен дел на оваа предлог одлука.

Вредноста на оваа зделка е задолжување до максимален износ од 400,000,000,00 денари во наредните 5 години и претставува 37,12 % од вредноста на активата на друштвото што значи дека надминува 10% од активата.

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: revizija@bend.com.mk

Воедно со оглед на тоа што вредноста на зделката изнесува над 20% од сметководствената вредност на имотот на друштвото, определена според последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото, оваа зделка е истовремено и голема зделка на која се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва што се однесуваат на голема зделка со заинтересирана страна.

- **Забелешка:** според ревидираните Финансиски Извештаи на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово износот на активата изнесува 1.077.604.387,00 денари

Временската точка за која се однесува оценката или мерењето на зделката е со датумот на Одлуката за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна, а во согласност со утврдените критериуми временскиот период на кој се однесува зделката е период од 5 години.

Според содржината оваа зделка со заинтересирана страна според член 460а точка (1) од Законот за трговските друштва претставува кумулативна вредност на меѓусебни поврзани идни зделки. Конкретната голема зделка со заинтересирана страна која е предмет на одобрување содржи перспективни финансиски информации односно Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово паричните средства дадени од Заемодавачот на заем, може да ги користи за редовно - тековно функционирање и обавување на регистрираната дејност.

**Табеларниот преглед на зделката е во продолжение:**

**– Висина на трансакции**

| **ОПИС** | **Вредност во денари** | **%** |
|---|---|---|
| **I Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово** | | |
| **Предлог Одлука за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово за задолжување на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово кон ДГТ КВАЛИТЕТ-ПРОМ Куманово** | 400,000,000.00 | 100.00% |
| **Вкупно- Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово** | **400,000,000.00** | **100.00%** |
| **СЕ ВКУПНО** | **400,000,000.00** | **100.00%** |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12.2023** | **1,077,604,387.00** | |
| **% од активата** | **37.12%** | |

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: revizija@bend.com.mk

## 1.2. Идентификација на критериумите според кои е оценета предметната материја:

| ОПИС | Вредност во денари | Услови | Критериум | Карактеристики |
|---|---|---|---|---|
| **И Предлог Одлука за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово за задолжување на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово кон ДГТ КВАЛИТЕТ-ПРОМ Куманово** | | Пазарни | Не повисоко од просечната каматна стапка за новоодобрени кредити на корпоративниот сектор во Банкарскиот сектор во РСМ. За септември 2024 изнесува 4.98% на годишно ниво. Или СКИБОР стапка на денарски заеми. | Кредитирањето е условено од потребите во однос на обемот на работа на друштвото и неговата ликвидност |
| **Вкупно- Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово** | **400,000,000** | | | |
| **СЕ ВКУПНО** | **400,000,000** | | | |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12.2023** | **1,077,604,387** | | | |
| **% од активата** | **37.12%** | | | |

**Процентуално учество на критериумите и карактеристиките во утврдената вредност на зделката:**

| КРИТЕРИУМ -УЧЕСТВО | % |
|---|---|
| Не повисоко од просечната каматна стапка за новоодобрени кредити на корпоративниот сектор во Банкарскиот сектор во РСМ. За септември 2024 изнесува 4.98% на годишно ниво. Или СКИБОР стапка на денарски заеми. | 100.00% |
| **Пазарни цени - надворешни докази.** | **100.00%** |
| **СЕ ВКУПНО** | **100.00%** |

Критериумите и карактеристиките се однесуваат само на елементите на деловите од оваа зделка и корисниците за кои е наменет извештајот.

Критериумите и карактеристиките за зделката и нејзиното вреднување се дискутирани преку електронска пошта со дел од акционерите со право на глас кои не се заинтересирана страна во зделката во периодот од 15 до 20 ноември 2024 година во однос на нивната погодност во дадените околности и тоа:

- Релевантност - Критериумот придонесува кон заклучоци кои помагаат при донесување на одлуката
- Комплетност - Не се испуштени релевантни фактори
- Веродостојност - Овозможува разумна и конзистентна оценка при слични околности
- Неутралност - Се базира на Податоци од деловните банки на РСМ и НБРСМ
- Разбирливост - Заклучоците се јасни и не се подложни на значителни различни толкувања

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: revizija@bend.com.mk

**1.3. Во Предлог Одлуката на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово се користени анализи и извори на информации и се употребени следните методи на вреднување:**

| I . Предлог Одлука на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово за задолжување на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово кон ДГТ КВАЛИТЕТ-ПРОМ Куманово | Износ на потенцијално задолжување | Критериум | Извор |
|---|---|---|---|
| 1. Метод на вреднување споредливи податоци од Народна банка на Република Северна Македонија и деловните банки во Република Северна Македонија | 400.000.000,00 | Не повисоко од просечната каматна стапка за новоодбрени кредити на корпоративниот сектотр во Банкарскиот сектор во РСМ. За септември 2024 изнесува 4.98% на годишно ниво. Или СКИБОР стапка на денарски заеми. | **Извор: Народна банка на Република Северна Македонија Дирекција за статистика - Статистика на каматни стапки од 31.10.2024 и Меѓубанкарска каматна стапка на пазарот на Депозити - СКИБОР** |
| **Вкупно** | **400.000.000,00** | | |

| **ОПИС НА МЕТОДОТ** |
|---|
| **Референтна каматна стапка објавена на страницата на НБРСМ под називот "каматна стапка на денарски депозити без валутна клаузула" зголемена за каматна маржа од 1,7 до 2,7 ПП, Во моментот референтната каматна стапка изнесува 2,34%.** |
| 1) метода на вреднување на трошоци плус согласно со референтната каматна стапка плус 1,7 процентни поени |
| 2) метода на вреднување на трошоци плус согласно со референтната каматна стапка плус 2,7 процентни поени. |
| 3) метода на вреднување на трошоци плус согласно со референтната каматна стапка плус 1 процентен поен. |
| 4) метода на вреднување на трошоци плус согласно со референтната каматна стапка плкус 2 процентни поени |
| 5) метода на вреднување на трошоци плус согласно со Шестмесечен СКИБОР стапка плус 1 процентен поен. |
| 6) метода на вреднување на трошоци плус согласно со просечната каматна стапка за новоодбрени кредити на корпоративниот сектор во Банкарскиот сектор во РСМ |

7. Врз основа на извршените истражувања според достапните податоци за каматните стапки на новоодобрени кредити на корпоративниот сектор во Банкарскиот сектор на РСМ, истата според Народна банка на Република Северна Македонија Дирекција за статистика - Статистика на каматни стапки од 31.10.2024 изнесува 4.98 % и Достапни податоци од Македонска Банкарска Асоцијација за шест месечен СКИБОР кој изнесува 4,73%.

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: revizija@bend.com.mk

8. Според обезбедените податоци крајниот износ на зделката е утврден согласно достапните податоци за каматните стапки на новоодобрени кредити на корпоративниот сектор во Банкарскиот сектор на РСМ и Достапни податоци од Македонска Банкарска Асоцијација за шест месечен СКИБОР кој изнесува 4,73%е прикажана со точка 4 во продолжение.

9. Крајниот износ на зделката е утврден според достапните податоци за каматните стапки на новоодобрени кредити на корпоративниот сектор во Банкарскиот сектор на РСМ и Достапни податоци од Македонска Банкарска Асоцијација за шест месечен СКИБОР + 1 процентен поен.

10) Врз основа на применливите методи на вреднување, добиената вредност на зделката се движи помеѓу 397.040.000,00 и 403.800.000,00 денари.

11) Сите употребени методи за значајни и релевантни, но заради можната флуктуаија на каматните стапки, крајниот износ на зделката е утврден согласно со точка 12 во продолжение.

12) За определување на крајниот износ е користен критериумот за утврдување на вредноста на зделката врз основа на Метода на вреднување на трошоци плус согласно со просечната каматна стапка на новоодобрени кредити на корпоративниот сектор во Банкарскиот сектор во РСМ.

Критериумите и методите на вреднување при дефинирање на зделката се во прилог на овој извештај.

### 1.4. Инхерентни ограничувања - ограничувања кои постојат заради неможност да се влијае и контролира вкупниот деловен амбиент, ефективност на интерните контроли и слично.

- Отсутност на перфектен пазар, воспоставената практика за споредба на различни но прифатливи техники за мерење, може да резултира со материјално различно вреднување и може да влијае на споредливоста.
- Конкретната голема зделка со заинтересирана страна која е предмет на одобрување, содржи перспективни финансиски информации. Заради ваквата состојба дури и да се случат настаните кои се предвидени со хипотетичките претпоставки во однос на предвидената зделка, сепак фактичките резултати веројатно ќе се разликуваат од проекцијата, бидејќи други предвидени настани не се случуваат како што се очекува (флуктуација на референтната, СКИБОР и Еурибор каматна стапка и сл.).
- Воените дејствија во Украина и Појасот Газа, влијае на понудата и побарувачката воопшто, а и на банкарските камати и промена на условите на кредитирање, заради што фактичките резултати веројатно ќе се разликуваат од проекцијата, бидејќи други предвидени настани не се случуваат како што се очекува

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: revizija@bend.com.mk

### 1.5. Одговорност на менаџментот

Страните корисници на зделката се обелоденети во Предлог одлуката за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна.

Заинтересираните страни се обелоденети во Заклучокот на Одборот на директори 02-668 од 06,11,2024 година  и известувањето на претседателот на Одборот на директори до Собранието на акционери  бр. 02-669 од 06.11.2024 година,  и известувањето на заинтересираната страна до Одборот на директори од 06,11,2024 година бр. 02-665 врз основа на Законот за трговските друштва.

Менаџментот на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово е одговорен за подготовка на Предлог Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна  во согласност со критериумите на Законот за трговски друштва и Законот за хартии од вредност, а посебно дека:

- зделката со заинтересирана страна е во согласност со важечките прописи во земјата;
- зделката со заинтересирана страна е фер односно вредноста на зделката е утврдена според пазарните услови во согласност со важечките прописи во земјата;
- во зделката со заинтересирана страна  не постои несразмерност во заемните давања на страните;
- во зделката со заинтересирана страна  не постојат некои други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета;
- во досегашните финансиски извештаи на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово реално се прикажани врските и зделките со заинтересирани страни;
- од согледаните ризик фактори при реализирање на предметната зделка со заинтересирана страна не постојат индикации од аспект на можна измама и манипулација;

Одговорноста вклучува и селекција и примена на соодветните методи и критериуми за подготовка на предлогот за уверување и употреба на претпоставките и проценките на индивидуалната одржливост на заклучоците во рамки на дадените околности. Одговорноста вклучува и дизајнирање и имплементација на системи и процеси релевантни за подготовка на предлогот.

### 1.6.Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да спроведеме ангажман за разумно уверување со цел да дадеме заклучок врз основа на нашите постапки, и тоа :

- дали зделката со заинтересирана страна е во согласност со важечките прописи во земјата,
- дали зделката со заинтересирана страна е фер  односно дали вредноста на зделката е утврдена според пазарни услови,
- дали постои несразмерност во заемните давања на страните,
- дали постојат и некои други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета,

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: revizija@bend.com.mk

- дали во досегашните Финансиски Извештаи на друштвото реално се прикажани врските и зделките со заинтересирани страни,
- дали и какви ризик фактори постојат при реализирање на предметната зделка со заинтересирана страна, особено од можна измама и манипулација,
- да дадеме препорака до малцинските акционери дали да ја поддржат зделката со заинтересирана страна согласно со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапката за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на берза (Сл. Весник на РМ 182/2015 и 91/2021).

Ние ја извршивме нашата работа во согласност со меѓународниот стандард за уверување 3000 врз основа на добиените податоци до 22.11.2024 година. Овој стандард бара од нас да ги исполниме етичките барања и да го планираме и извршиме ангажманот за разумно уверување врз основа на материјалните аспекти за да го изразиме нашиот заклучок за ангажманот за уверување за тоа дали зделката во сите материјални аспекти е во согласност со критериумите на Законот за трговски друштва и Законот за хартии од вредност како и да дадеме препорака до малцинските акционери дали да ја поддржат зделката со заинтересирана страна.

Нашиот извештај е изготвен со цел да им помогне на акционерите на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово да ја оценат валидноста на Предлог Одлуката во однос на одобрување на зделка со заинтересирана страна врз основа на тврдењата на одговорната страна.

Овој Извештај вклучувајќи го и заклучокот, е подготвен за целите на усогласеност со рамката за трансакции со поврзани страни на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово . Ние не прифаќаме или преземаме одговорност кон никој друг освен кон акционерите на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово.

### 1.7.Изјава дека ангажманот е усогласен со МСАУ 3000 објавен во Република Северна Македонија

Овој извештај е изготвен во согласност со Меѓународниот стандард за уверување (МСАУ 3000), ангажмани за уверување кои не се ревизии или проверка на историски информации, кои се издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување, одредбите од членот 460-а став 2 а в.в. со став 3 од Законот за трговски друштва и Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии акции котираат на берза (Сл. Весник на РМ 67/2013)и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапката за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на берза (Сл. Весник на РМ 182/2015 и 91/2021)

Овој извештај се однесува на изнесеното во Предлог Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна по однос на точка на дневниот ред од Вонредното Собрание на акционери за септември 2024 година и не се однесува на работењето на Друштвото како целина.

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: revizija@bend.com.mk

**1.8.Резиме на извршената работа - Извршени процедури и извори кои се користени за утврдување на релевантните податоци кои се предмет на анализа**

Во согласност со рамката на нашиот ангажман при нашата работа покрај другото ги спроведовме следните процедури и ги користевме следните извори на податоци:

- Интервју на повисокиот менаџмент, одговорен за подготовка на Предлог Одлуката за издржаност на зделката со заинтересирана страна.
- Интервју на одговорните лица за одредени делови на Предлог Одлуката за издржаност на зделката со заинтересирана страна.
- Увид и анализа на декларираните износи во Предлог Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна.
- Утврдување на процент на износот на зделката со заинтересирана страна согласно со член 460а точка (1) од Законот за трговските друштва во однос на активата на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.
- Увид и утврдување во однос на тоа дали во досегашните Финансиски Извештаи на Друштвото реално се прикажани врските и зделките со заинтересирани страни.
- Утврдување на вредноста на зделката со заинтересирана страна според утврдените критериуми, и применетите методи со повторно пресметување.
- Комуникација со електронска пошта – презентација во која се изнесени податоците кои ни се доставени и на кои од наша страна се направени анализи и проверки на критериумите. карактеристиките и методите во врска со Предлог Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна со дел од малцинските акционери од 15.11.2024 до 20,11.2024 година по однос на критериумите, карактеристиките и вреднувањето на зделката.
- Увид во Записник од 06.11.2024 на Одборот на директори на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово.
- Увид во Заклучокот на Одборот на директори 02-668 од 06,11,2024 година.
- Увид во известувањето на претседателот на Одборот на директори до Собранието на акционери бр. 02-669 од 06.11.2024 година,
- Увид во известувањето на заинтересираната страна до Одборот на директори од 06,11,2024 година бр. 02-665
- Увид во Извештај на ревизорите на Финансиските извештаи за 2021, 2022 и 2023 година.
- Увид во Извештајот за работење за 2021, 2022 и 2023 година, во кој се обелоденети зделките со заинтересирани страни.
- Податоци за изворите и условите на финансирање и за последиците од зделката на Извештајот за финансиската состојба и извештајот за сеопфатна добивка на друштвото.
- Податоци од деловните банки и Народна Банка на РСМ.
- Аналитички и суштински постапки на проверка на податоците за остварени меѓусебни трансакции во 2023 и до 30,09,2024 година.

**1.9.Изјава за независност и компетентност**

Нашиот ангажман го извршивме во согласност со Кодексот на етика на професионалните сметководители.

Ние потврдуваме дека нашиот ангажман го извршивме согласно со меѓународниот стандард за уверување 3000.

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: revizija@bend.com.mk

## 1.10. Специфични ограничувања кои влијаеа на заклучокот

Специфични ограничувања кои влијаеа на заклучокот се следните:

- Во текот на нашата работа утврдивме дека во Република Северна Македонија е ограничена конкуренцијата во однос на големината и капацитетот на банки кои се во состојба да кредитираат поголеми износи за инвестициони и други потреби на субјектите.

- Ограничувањата во однос на висината на каматните стапки за различи видови кредитирање зависно од изворите на обезбедените средства од деловните банки и поврзаноста со референтната каматна стапка влијае на цената на подршката од доменот на кредитирање на правните лица.

## 1.11. Суштински прашања утврдени од наша страна, кои се однесуваат на конкретната зделка:

- Обезбедена е Предлог договор за услови на користење на подршка во доменот на заеми од заемодавачот.

- Споредба на понудените услови со просечната каматна стапка за новоодобрени кредити на корпоративниот сектор во Банкарскиот сектор во РСМ и податоци од Македонска Банкарска Асоцијација .
  .
- Висината на каматните стапки за различи видови кредитирање е зависна од изворите на обезбедените средства од деловните банки и поврзаноста со референтната каматна стапка влијае на цената на подршката од доменот на кредитирање на правните лица.

## 1.12. Фактори на ризик

Врз основа на извршените процедури при ангажман за разумно уверување, во однос на зделката која е предмет на одобрување на Вонредното Собрание на акционери во декември 2024 година на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово ние ги забележавме следните ризик фактори при реализација на оваа зделка:

- Ризик во однос на перформансите и индикаторите на степенот на задолженост на друштвото, и
- зависноста на овие индикатори од степенот на успешно користење на кредитната подршка која е под влијание на ограничувања кои постојат заради неможност да се влијае и контролира вкупниот деловен амбиент,
- Спроведените процедури од наша страна се засновани на историските податоци и информации за 2021,2022,2023 и до 30,09,2024 година во однос на исполнувањето на критериумите, карактеристиките и методите на вреднување на елементите на зделката.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашиот заклучок.

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: revizija@bend.com.mk

## 2. Заклучок

Според наше мислење врз основа на извршените процедури при ангажман за разумно уверување, како што е опишано погоре, во однос на Предлог одлуката за Склучување и реализација на голема зделка со заинтересирана страна на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово со Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово како заинтересирана страна која се состои од склучување на Договор за заем, во кој Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово се јавува како Заемопримач а Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово се јавува како заемодавач, базирана на тврдењата на одговорната страна, зделката е објективно искажана во сите материјални аспекти, а особено што:

- Зделката со заинтересирана страна е во согласност со важечките прописи во земјата.
- Зделката со заинтересирана страна е фер, односно вредноста на зделката е утврдена според пазарните услови кои се во согласност со важечките прописи во земјата.
- Не постои несразмерност во заемните давања на страните.
- Не постојат некои други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета.
- Во досегашните Финансиски Извештаи на друштвото се реално прикажани врските и зделките со заинтересирани страни и ревизорите на финансиските извештаи изразиле мислење без резерва во однос на истите.
- Не постојат ризик фактори при реализирање на предметната зделка со заинтересирана страна, особено од аспект на можна измама и манипулација, освен ризик факторите опишани погоре.

Врз основа на претходното ние даваме препорака до малцинските акционери на друштвото да ја поддржат зделката на седницата на Собранието на акционери, која одлука дополнително претставува услов за склучување на оваа зделка и делегирање на надлежност за реализација на зделката на одговорните лица во Друштвото.

Препораката произлегува од погоре изнесеното, а во врска со одредбата од член 3 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на берза (Сл. Весник на РМ 182 од 21 октомври 2015 година и 91/2021) и се изведува заклучок дека зделката е во согласност со императивните прописи на националното законодавство и истата е фер утврдена според пазарните услови и дадени околности во сите материјални аспекти, посебно поради настапување на одложениот услов - целосно спроведување на постапката за зделка со заинтересирана страна согласно со законските прописи, од чија примена зависи постоењето на целата зделка.

**ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово** **тел. 044 330 800** **e-mail: revizija@bend.com.mk**

## 2. Заклучок - продолжение

Овој заклучок со препорака ние го базираме не само раководејќи се од образложението на Органот на управување, туку посебно врз основа на критериумите за утврдување на вредноста на зделката и фактот дека предметот на зделката е утврден и возможен и извршлив во услови на одобрување- потврдување на зделката, заради реализација на предметната зделка.

Истовремено нашиот заклучок, без присуство на елементите на измама, заблуда и присила, а со цел да им послужи на акционерите за одлучување за одобрување на оваа зделка со заинтересирана страна, произлегува и од увид во последните ревидирани финансиски извештаи во кои се содржани врските и зделките со заинтересирани страни, и истите се реално прикажани.

**Нагласување на прашање**

Ние обрнуваме внимание на точка 1.1. од овој извештај, Предмет на зделката со заинтересирана страна, дека оваа зделка содржи идни финансиски информации предвидени со Предлог одлуката за Склучување и реализација на голема зделка со заинтересирана страна на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово со Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово како заинтересирана страна која се состои од склучување на Договор за заем, во кој Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово се јавува како Заемопримач а Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово се јавува како заемодавач.

Понатаму заради фактот што Конкретната голема зделка со заинтересирана страна која е предмет на одобрување, содржи перспективни финансиски информации, дури и да се случат настаните кои се предвидени со хипотетичките претпоставки во однос на предвидената зделка, сепак фактичките резултати веројатно ќе се разликуваат од проекцијата, бидејќи други предвидени настани не се случуваат како што се очекува (флуктуација на Каматна стапка за новоодбрени кредити на корпоративниот сектор, референтната и Еурибор каматна стапка и сл.), без да го менуваме заклучокот.

Тетово 22.11.2024 Бенд Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово
Овластен ревизор Управител
Душко Апостоловски Наташа Трифуноска

Друштво за ревизија БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ ДОО Тетово